РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 12-2578/2
11.06.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр.12-2578/1 од 30.05.2024 година, поднесено од барателот на информација преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Претседателка, на ден __.06.2024 година донесе

## РЕШЕНИЕ

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер, наш.арх.бр.12-2578/1 од 30.05.2024 година. поднесено од барателот на информација

преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Иванова, Претседателка, во однос на следната информација од јавен карактер:

- пополнување на прашалник во прилог на предметното Барање, во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022 – 2024.

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, на начин што доставениот Прашалник во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022 – 2024, одговорен се доставува во прилог на ова Решение, како Прилог бр.1.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација преку застапник/полномошник на барателот на информацијата Тања Иванова, Претседателка, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер наш.арх.бр.12-2578/1 од 30.05.2024 година, со кое се бара пристап до информации од јавен карактер - пополнување на прашалник во прилог на предметното Барање, во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022 – 2024.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, член 88 од Законот за општата управна постапка и член 30 став 5 од Законот за јавните набавки, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

__________________________

Цветанка Митревска

Прилог (1):

1) Прашалник во однос на имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 и Националниот акциски план 2022 – 2024 (одговорен).

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

__________________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

РЕАКТОР
истражување во акција

Прилог бр.1

# ПРАШАЛНИК ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОД СРЕ 2022 – 2027 И НАП 2022 - 2024

## ЗА ПРАШАЛНИКОТ

Овој прашалник е изработен за потребите на Реактор – Истражување во акција при изготвувањето на Извештајот во сенка 2023 за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 и Националниот акциски план 2022 - 2024. Прашањата во овој прашалник се однесуваат на степенот на исполнување на активностите[1] за 2023. и на вашата оценка за потенцијалното влијание на активностите[2] од Националниот акциски план 2022 - 2024, кои се во директна надлежност, односно одговорност, на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тие се класифицирани според активностите од секоја специфична стратешка цел.

На крај од прашалникот има табела која го содржи индикаторот на ниво на активност. Ве молиме да обележите дали е исполнет или не.

## Оценки за исполнетост на активности и потенцијално влијание

### Специфична цел 2.4: Еднакво учество на жените во донесување одлуки на сите нивоа во политичкиот и во јавниот живот

1. Ве молам оценете ја активноста „Изработка на студии, анализи поврзани со претставување на родот и родовите прашања на ТВ и радио“ за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

   (а) не е започната
   (б) делумно е спроведена
   (в) значително е спроведена
   (г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

[1]Степенот на исполнување се оценува според четири критериуми во однос на тоа дали е дали е активноста започната и во која фаза од процесот на имплементација се наоѓа. Тие се: „ (а) не е започната“ – активноста не е воопшто започната, „(б) делумно е спроведена“– активноста во помал дел е исполнета, „(в) значително е спроведена“ – активноста во поголем дел е исполнета и „(г) целосно е спроведена“– активноста е имплементирана и завршена.

[2]Потенцијалното влијание може да се оцени на следниот начин: (а) нема влијание: активноста не влијае/ла на подобрување на постојната состојба со родовата еднаквост; (б) мало влијание: активноста има мало влијание на подобрување на родовата еднаквост; (в) значајно влијание: активноста придонесува за подобрување на родовата еднаквост; и (г) трансформативно влијание: активноста влијае на системски и општествени промени, влијае на промена на постојните односи на моќ и суштински влијае на унапредување на родовата еднаквост.

Забелешка – На првиот јавен состанок на Агенцијата (на 28 март 2023 година), беа презентирани наодите од истражувањето „Родот во медиумите 2022: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во забавните програми на радиодифузерите", кое за потребите на Агенцијата го изработи Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Наодите од истражувањето покажаа дека во дел од анализираните телевизиски програми отсуствуваше родова сензитивност, додека пак наспроти тоа, забележани беа содржини во кои се преиспитуваа традиционално поставените родови улоги и норми, а жените се промовираа во различните општествени сфери. Во програмите со забавна функција, жените беа ангажирани почесто како уреднички или како водителки и новинарки отколку мажите. Во однос на гостите/гостинките или соговорниците/соговорничките претставени во овие емисии постоеше изедначеност помеѓу мажите и жените. Оваа публикација беше објавена на веб страницата www.rodotimediumite.mk, а потоа отпечатена и доставена до Собранието, до собраниската Комисија за еднакви можности на жените и на мажите, до МТСП, уредниците на радиодифузерите кои беа анализирани. Исто така, беше изработено видео „Родот во забавните програми на радиодифузерите" кое претставува сублимат од спроведеното истражување кое беше објавено на социјалните мрежи на АВМУ.

2. Ве молам оценете ја активноста „Обезбедување родово разделени статистички податоци за сопственичка структура и структура на вработените на ТВ и Радио" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

   (а) не е започната
   (б) делумно е спроведена
   (в )значително е спроведена
   **(г)** целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

   (а) нема
   (б) мало
   **(в)** <u>значајно</u>
   (г) трансформативно

Забелешка – Податоци за родовата структура на сопственоста се дадени во публикацијата <u>Сопственоста на медиумите во 2023 година</u> (достапна на веб страницата на Агенцијата), а изработена е и споредбена анализа за родовата структура на вработените во медиумската индустрија за 2019, 2020, 2021 и 2022 и за родовата структура на сопствениците/чките на медиумите за 2020, 2021 и 2022 година, која ќе биде објавена и јавно презентирана во текот на 2024 година.

3. Ве молам оценете ја активноста „Објавување на одлуки по претставки на граѓани" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

   (а) не е започната
   (б) делумно е спроведена
   ( в) значително е спроведена
   **(г)** целосно е спроведена

Ве молам оцenете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

Забелешка – Агенцијата ги објавува сите пристигнати претставки и одговорите на нив, на својата веб страница, во делот https://avmu.mk/gragjani/ Меѓутоа, одамна немало претставки врз основа на род, поради што сметаме дека поставениот индикатор не е најсоодветен, односно дека поднесувањето претставки за дискриминаторска содржина во медиумите, нужно не значи зголемено препознавање на дискриминаторска содржина од страна на јавноста.

4. Ве молам оценете ја активноста „ Јавно презентирање на резултатите " за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
( в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

Забелешка: Како што е одговорено погоре, на првиот јавен состанок на Агенцијата за 2023 година беше промовирано истражувањето за родот во медиумите во 2022 година.

Специфична цел 3.2: Сузбивање на родовите стереотипи и сексизмот и промовирање еднаквост

5. Ве молам оценете ја активноста „Објавување релевантни документи во однос на родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите, на сајтот на АВМУ" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

6. Ве молам оценете ја активноста „Обуки за новинари и медиумски работници за препознавање и реакција на сексистички говор на омраза, со мерење на стекнати знаења“ за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
( в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

Забелешка: Во декември 2023 година, беше одржана работилницата „Унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите во Северна Македонија“ која примарно беше наменета за професионалци/ки од регионалните медиуми, но на неа учествуваа и вработените во Секторот за програмски работи. На работилницата учествуваа Ана Нушкова – Аврамовска од Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, медиумската експертка д-р Марина Тунева, Драгана Дрндаревска од Коалиција Маргини и д-р Катарина Сарикакис, експертка на Советот на Европа, а беше организирана во рамки на проектот Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите (ПРО-ФРЕКС). Ваква работилница беше организирана и во текот на 2022 година, но нејзина примарна публика беа медиумските професионалци/ки од медиумите на национално ниво.

7. Ве молам оценете ја активноста „Објавување на информации за дејствијата преземени против содржина во медиумите“ за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
(в) значително е спроведена
(г) целосно е спроведена

Ве молам оценете го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):

(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

8. Ве молам оцените ја активноста „Годишни анализи за третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
( в) значително е спроведена
( г) целосно е спроведена

Ве молам оцените го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):
(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

9. Ве молам оцените ја активноста „Периодични препораки за зајакнување на содржините и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење говор на омраза" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
( в) значително е спроведена
( г) целосно е спроведена

Ве молам оцените го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):
(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

10. Ве молам оцените ја активноста „Годишни анализи за изразувањето и ставовите на уредниците, новинарите и гостите во ТВ и радио, и периодични препораки за зајакнување на содржиите и/или опоменување и/или казнување на медиумот заради ширење на говор на омраза" за 2023 **според степен на исполнување** (обележете еден одговор):

(а) не е започната
(б) делумно е спроведена
( в) значително е спроведена
( г) целосно е спроведена

Ве молам оцените го **потенцијалното влијание** на истата активност (еден одговор):
(а) нема
(б) мало
(в) значајно
(г) трансформативно

Забелешка - На крајот од 2023 година, беше завршено истражувањето за медиумското известување за родово заснованото и семејното насилство кое се базира на Водичот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примена на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите кој беше подготвен од проф. Катерине Сарикакис како дел од проектот ЈУФРЕКС2 на Советот на Европа и ЕУ, и целосно ускладен со Истанбулската конвенција.

## Исполнетост на индикатори на ниво на активности

Во табелата го има индикаторот на ниво на активност од НАП 2022 - 2024. Ве молиме да обележите со „да" или „не" дали е исполнет или не.

| | Дали е исполнет индикаторот? | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| Објавени годишни тематски анализи за 2022 и 2023 | Да | |
| Објавени и доставени родово разделени статистички податоци во ДЗС за 2021 и 2022 | Да | |
| Упатства и препораки за унапредување на законската рамка и за третман на родови прашања и начинот на претставување на жените и мажите во медиумите се изготвени и јавно достапни на веб страниците на АВМУ | Да | |
| Организирани 2 работилници за препознавање и реакција на сексистички говор и омраза и родово базирано насилство | Да | |
| Зголемено препознавање на дискриминаторска содржина од страна на јавноста, преку поднесување претставки за дискриминаторска содржина во медиумите | | Не |
| Спроведување на воспоставен систем за следење на ставови кон содржини на ТВ и радио | Да | |

### ОДГОВОР ОД АВМУ

Дополнителни појаснувања и забелешки:

1. Секоја година, Агенцијата усвојува: Оперативен план за спроведување на Националниот план за акција за родова еднаквост и Оперативен план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Двата документи се објавуваат на Веб страната на Агенцијата и на специјализираната веб-страна Оперативни планови – Родот и Медиумите (rodotimediumite.mk)

2. Минимум еднаш годишно се спроведува истражување за начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите. За секое истражување поставуваме различна цел, односно фокус на различни видови програма според класификацијата на програмите;
3. Резултатите од истражувањата ги објавуваме на Јавен состанок на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а содржината на истражувањето и анализата секој пат се доставуваат и до сите членови на Собраниската комисија за еднакви можности и до МТСП. Самото презентирање се користи како можност за дебата со релевантните чинители и медиумите при што се даваат насоки за подобрување на третманот на родовите прашања во програмите на радиодифузерите;
4. Покрај ова, Агенцијата во планирањето на своите активности спроведува родово-одговорно буџетирање;
5. Од 2011 година Агенцијата води родово раздвоени статистики и објавува податоци од анализите на структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната индустрија, а во 2019 година беше направена родова анализа на платите во аудиовизуелната индустрија.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги